Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 39, 3 мај 2010 година

мај 2010 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - помлад асистент од научната област педологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден помлад асистент/асистент за наставно - научната област ботаника на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 5

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област растителна екологија и фитоценологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 11

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научната област хемија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 21

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент по економика на земјоделството и основи на агроекономија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип ........ 25

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област менаџмент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област историја на економската мисла на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 48

**РЕФЕРАТ** за избор на двајца соработници во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 52

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област економска теорија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент во научната област статистика на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 68

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент за научната област математика на Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 74

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научно подрачје стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕФЕРАТ** за избор на асисистент (специјалист) за научната област ортопедски болести на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 84

**РЕФЕРАТ**за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научното подрачје фундаментални медицински науки на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА СОРАБОТНИК ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-37/21, донесена на првата седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 18.2.2010 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на соработник во соработничко звање ***асистент за научната област меѓународна економија на Економскиот факултет*** при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник” и „Лајм”, на 4.2.2010 година, и во предвидениот рок се пријавија кандидатите:

1. м-р Емилија Митева, магистер на економски науки;
2. м-р Александар Станболиев, магистер на економски науки;
3. м-р Дарко Тинтоски, магистер на економски науки;
4. м-р Горан Ковачев, магистер на економски науки;
5. м-р Габриела Атанасова, магистер на економски науки.

Врз основа на приложената и разгледаната документација и нашето познавање на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Емилија Митева** е родена на 8 септември 1982 год. во Струмица. Основно училиште завршува во ОУ „Гоце Делчев” во Василево, во 1997 година, а матурира во ДСУ „Јане Сандански” во Струмица, во 2001 година. Своето образование го продолжува на Економскиот факултет во Прилеп при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, каде во 2005 година дипломира на насоката Меѓународна економија, со просечен успех од 9,30. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економскиот институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на насоката Меѓународна економија, коишто ги завршува со просечен успех од 9,85 и со одбраната на магистерскиот труд *„Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација”* се стекнува со научниот степен **магистер на економски науки од областа меѓународна економија**. Од јули 2007 година работи како помлад асистент на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип, каде што ги покрива предметите: Меѓународна економија, Надворешна трговија, Меѓународен монетарен и трговски систем, Основи на економија, Макроекономија, Финансиско сметководство и Меѓународни сметководствени стандарди. Кандидатката има одлично познавање на англиски и на српски јазик, како и одлично познавање на компјутерските програми: Word, Excel и Power Point, со лесна приспособливост кон нови апликации. Кандидатката учествува на неколку конференции организирани од страна на **bcc_macedonia** на тема *„Примена на case-study метод во образовниот процес и How to integrate internship in university curriculum?“* и учествува во реализацијата на проектот „Проценка на недвижен имот ” во организација на UNDP.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Емилија Митева достави список на **објавени научни и стручни трудови** со кои се согледува научната активност, а поважни се следниве:

1. Assoc. Prof. Risto Fotov, junior ass. Emilija Miteva: Economic freedom as a development resource, Академично издателство „Ценов", 2008, 141-147.
2. Помлад асистент Емилија Митева: Улогата на Светската банка во светската економија, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 309-320.
3. Помлад асистент Емилија Митева: Технолошки развој на малите и средните претпријатија во РМ преку програми за соработка со странски партнери, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, 288-297.
4. Емилија Митева: Каузалната поврзаност на трговијата и процесот на економска глобализација, магистерски труд, Економски институт, Скопје, 2009.
5. Помлад асистент м-р Емилија Митева: Европска централна банка, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (во печат).
6. Помлад асистент м-р Емилија Митева: Трговските текови во глобализираниот свет, Годишен зборник 2009, Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип (во печат).

***Листа на необјавени трудови***

1. Улогата на транснационалните компании во меѓународната економија.
2. Маркетинг истражување преку Интернет.

**Евалуација на трудот број 1:**
**"ECONOMIC FREEDOM AS A DEVELOPMENT RESOURCE"**

Овој труд ја истражува клучната улога на степенот на економската слобода во економскиот развој на секоја земја, притоа правејќи компаративна паралела меѓу земјите кои се карактеризираат со висок степен на економска слобода и земјите кои имаат доста ниско ниво на економска слобода. Посебно значаен индикатор со кој се мери степенот на економска слобода е Индексот на економска слобода, како показател со кој се оценува и мери наклонетоста кон слободниот пазарен капитализам на земјите во светот и Европа. Имајќи го предвид рангирањето на земјите во светот, согласно со Индексот на економска слобода, овој труд посебно внимание ѝ посветува на Естонија, како една од најдинамичните економии, која со либерализираната трговија и поволната инвестициска клима е рангирана на 12-тото место од вкупно 162 земји. Понатаму, овој труд во анализата ги опфаќа и Словенија, како развиена земја од Балканскиот регион што во 2008 година се карактеризира со 60,6% економска слобода, како и Република Македонија која согласно со Индексот на економска слобода во 2008 год. е 71-ва земја во светот од вкупно 183 земји. Резултатите од истражувањето во овој труд упатуваат на констатацијата дека земјите со повисок степен на економска слобода остваруваат повисоки стапки на економски раст во споредба со земјите со низок степен на економска слобода.

**Евалуација на трудот број 2:**
**„УЛОГАТА НА СВЕТСКАТА БАНКА ВО СВЕТСКАТА ЕКОНОМИЈА"**

Трудот се фокусира на согледување на улогата на Светската банка, како светски надмоќна организација и како еден од најголемите светски извори за финансирање на земјите во развој, чија главна цел е преку употреба на своите финансиски ресурси и огромно искуство да им помогне на сиромашните земји. Во денешниот свет, кој воедно е многу богат но и многу сиромашен, предизвикот за намалување на сиромаштијата е доста голем. Светската банка работи на премостување на овие разлики и тоа преку помагање на влади-

те на земјите-членки во нивните напори да инвестираат во образованието и здравствените центри, да обезбедат вода и електрична енергија, како и напорите во борбата против болестите ХИВ/СИДА и маларија, заштита на животната средина и обезбедување на пристоен животен стандард. Финансиската помош од Светската банка за Република Македонија овозможи реализирање на низа активности и одржување на меѓународната ликвидност на земјата. Остварени се повеќе значајни реформи во правец на постигнување макроекономска стабилност, одржување на стабилен девизен курс, намалување на буџетскиот дефицит, изградба на модерна законодавно-правна рамка, унапредување на приватниот сектор, конституирање на систем на социјална заштита, креирање на ефикасна банкарска регулатива, завршување на процесот на приватизација.

**Евалуација на трудот број 3:**
**„ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА ВО РМ ПРЕКУ ПРОГРАМИ ЗА СОРАБОТКА СО СТРАНСКИ ПАРТНЕРИ“**

Во услови кога се располага со релативно доволен обем и соодветна структура на развојни фактори, технолошкиот развој може да се остварува без поголеми потреси и тешкотии. Меѓутоа во услови на недоволна стопанска развиеност и оскудност со развојни фактори, особено оскудност со инвестиции, каков што е случајот со Република Македонија, технолошкиот развој е мошне ограничен. Економското преструктуирање на стопанството создаде многу мали и нови претпријатија на кои им е нужна помош и разни видови поддршка во нивното работење од релевантни институции, а пред сè во создавање на поволен деловен амбиент за стопанисување без пречки. Република Македонија мора да продолжи со активностите за поддршка на малите и средните претпријатија и во наредниот период. Основната цел на таа поддршка мора да биде подготовка на малите и средните претпријатија да бидат поконкурентни и поспремни за влегување во Европската унија. Токму, истражувањето во овој труд укажува на неопходноста од продлабочување и засилување на соработката со странските партнери, преземање на низа законски и економски мерки, како што се законска и друга поддршка на лизингот, лиценците, франшизингот како форми на трансфер на технологија и инструменти за финансирање на малите и средните претпријатија, како и промоција на програми и проектите за приближување кон европските стандарди, создавање на институционална инфраструктура за промоција на претприемништвото и конкурентноста, како и создавање на поволно деловно опкружување за непречен развој на претприемништвото.

**Евалуација на трудот број 4: „ЕВРОПСКА ЦЕНТРАЛНА БАНКА”**

Европската централна банка е една од светски најзначајните централни банки, одговорна за монетарната политика на земјите-членки на еврозоната. Европската централна банка претставува независна институција која поседува политичка и финансиска самостојност и која функционира согласно со правилата кои се пропишани во Статутот на Европската централна банка и Мастришкиот договор. Банката остварува завидни резултати, успевајќи заедничката европска валута - еврото да ја претвори во кредибилна светска валута, што ѝ помогна на банката кога е во прашање основната каматна стапка и остава простор да се соочи со ситуацијата која некои аналитичари ја нарекуваат „првата економска криза во 21 век”. Овој труд посебно внимание им посветува на мерките што Европската централна банка ги презема во справувањето со глобалната финансиска криза. Најзначајни инструменти коишто ги применува Европската централна банка во борбата против глобалната финансиска криза се: намалувањето на каматните стапки во повеќе наврати, како и примената на пакетот не стандардни мерки, коишто се однесуваат на зголемување на ликвидноста на банките преку приспособување на регуларните операции на рефинансирање, преку тековно дејствување како сурогат на пазарот, како и преку проширување на долгата листа

на имоти коишто се сметаат како колатерал. На тој начин Европската централна банка е една од ретките банки коишто успеваат со примена на адекватни мерки да се справат со глобалната финансиска криза.

**Евалуација на трудот број 5:**
**„ТРГОВСКИТЕ ТЕКОВИ ВО ГЛОБАЛИЗИРАНИОТ СВЕТ "**

Меѓународните трговските текови се интегрален дел од процесот на економска глобализација. Предмет на истражување во овој труд се обемот и правците на светската трговија, почнувајќи од првата ера на глобализација па сè до денес. Меѓународните трговски текови во периодот до Втората светска војна се сегментирани во два периода и тоа: периодот до 1913 година и меѓувоениот период, односно периодот меѓу двете светски војни. Периодот до 1913 година се одликува со значајна интензивираност на трговските текови во светската трговска мрежа, како по обем така и по структура, додека меѓувоениот период се карактеризира со драстичен пад во обемот и дисперзираноста на меѓународната трговија и тоа како резултат на Големата депресија. Периодот по Втората светска војна се карактеризира со значително нормализирање и експанзија на трговските текови, но тој експанзивен раст доаѓа до својот крај по 1973 година, како резултат на нафтените кризи. Светската трговија во 90-тите, пак, се одликува со забрзана економска интеграција, како и заокружување на институционалната рамка за регулирање на трговијата преку формирањето на Светската трговска организација. Специфично обележје на трендовите на трговијата во 21-век претставува глобалната економска криза, која во 2008 година го зафати речиси целиот свет и предизвика енормен колапс на светската трговија.

**Евалуација на трудот број 6:**
**„КАУЗАЛНАТА ПОВРЗАНОСТ НА ТРГОВИЈАТА И ПРОЦЕСОТ НА ЕКОНОМСКА ГЛОБАЛИЗАЦИЈА"**

Процесот на сè поголема меѓузависност што денес се нарекува *глобализација* е мултидимензионален и комплексен феномен, којшто сублимира интензивни политички, социјални и економски интеракции, како на национално така и на наднационално ниво. Меѓународната трговија е интегрален дел од процесот на глобализација. Размената на добра и услуги е основната причина поради која економски субјекти воспоставуваат економски односи едни со други и стануваат дел од локална или национална економска заедница. Како што размената ги преминува државните граници, националните економски системи стануваат дел од регионална, континентална или светска економија. Низ многу години, владите од повеќе земји засилено ги отвораат нивните граници за меѓународно тргување преку мултилатералниот трговски систем, како и преку зголемената регионална соработка. Основната цел на трудот е согледување на улогата на трговијата во денешниот свет, кој се карактеризира со зголемена поврзаност и економска зависност меѓу народите, како и анализа на импликациите на трговијата во глобализираниот свет и нејзините перспективи за развој. Економската зависност помеѓу државите и реално невозможната автархичност на која било економија (без разлика на големината и половата структура на нејзиното стопанство) го прават меѓународниот трговски систем стожер на светскиот стопански систем. Поради глобалната криза која го зафати речиси целиот свет, вниманието сега е насочено кон пошироките и долгорочни импликации на глобализацијата. Клучната алатка на глобализацијата е либерализацијата на трговијата. Во последните неколку години, ширум светот, а посебно во САД, Јапонија и Европа е присутен тренд на нов трговски протекционизам. Овој тренд е дизајниран со цел да се одржи доминантниот статус во глобалната економска конкуренција во координација со социјално-економските карактеристики на земјите во услови на економска глобализација. Новиот трговски протекционизам е нова форма на глобално економско ривалство во современиот свет.

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Александар Станболиев** е роден на 28 јануари 1977 година во Скопје, Република Македонија. Факултет завршува на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, отсек Деловна (бизнис) економија и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист**. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Универзитетот "Tor Vergata" во Рим (Италија) и се стекнува со академски степен **магистер по економски науки**. Дипломата е издадена на 3.10.2006 година и истата е призната со Одлука бр. 07-544/1 од 26.3.2007 година, донесена од Стручната комисија од Наставно-научниот совет на Економски факултет во Прилеп, а на 28.3.2007 година од страна на Министерството за образование и неука е донесена Одлука за признавање на високообразовна квалификација стекната во странство. Во однос на неговото образование - магистер по економски науки, поважни предмети се: Европска економија, Корпоративни финансии, Управување со работна сила, Теорија на игра. Од 1999 до 2007 година работи во Македонски центар за меѓународна соработка како раководител на проекти поврзани со одржливиот развој и јакнење на капацитетите на Македонското општество. Во однос на неговото професионално искуство, работи како консултант/истражувач при Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум" - Скопје, како истражувач на Високата школа на новинарство и односи со јавноста. Кандидатот нема искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Александар Станболиев нема доставено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал -наведени во Конкурсот).

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Дарко Тинтоски** е роден на 28 септември 1974 година во Прилеп, Република Македонија. Економски факултет завршува во Прилеп, во 2001 година, и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист** (забелешка: кандидатот нема наведено на кој отсек). По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, отсек Меѓународна економија и се стекнува со академски степен **магистер на економски науки**. Дипломата е издадена на 20.2.2005 година, бр. 5. Во однос на неговото образование во 2005 година - магистер по економски науки, поважни предмети се: Европска економија, Корпоративни финансии, Управување со работна сила, Теорија на игра. Од 1999 до 2007 година работи во Македонски центар за меѓународна соработка, како раководител на проекти поврзани со одржливиот развој и јакнење на капацитетите на македонското општество. Во однос на неговото професионално искуство, работи како консултант/истражувач при Центарот за регионални истражувања и соработка „Студиорум" во Скопје, како истражувач на Високата школа на новинарство и односи со јавноста. Исто така, кандидатот има доставена дополнителна документација со која го потврдува учеството на обуки за: финансиски менаџмент и буџетирање, Закон за јавни набавки, сертификат за учество и обука на државни службеници за ЛЕР од Србија и Македонија и сертификат за учество на Меѓународно летно училиште *„Глобализација со хумано лице"*. Во контекст на неговото искуство во високообразовниот процес, кандидатот нема доставено докуметација со која би го потврдил неговото искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатот објавува натписи од една страница, конкретизирани со одредени коментари и мислења поврзани за одредени економски и политички прашања во дневниот весник

„Денес“. Комисијата оцени дека натписите немаат научноистражувачка активност и не ги прифаќа како такви. М-р Дарко Тинтоски нема доставено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал - наведени во Конкурсот).

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Горан Ковачев** е роден на 3 октомври 1977 година во Ниш, Република Србија. Економски факултет завршува во Скопје, во 2001 година, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист на насоката меѓународни економски односи**. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, насока Надворешен промет. Кандидатот се стекнува со академски степен **магистер на економски науки**, со просек 9,22. Во однос на неговото образование во 2008 година е запишан на докторски студии на истиот факултет до денес. Што се однесува до неговото работно искуство, кандидатот од 2003 година до денес работи како кредитен службеник при Министерството за финансии. Во однос на неговото претходно работно искуство, од 2002 до 2003 работи како проектант во Собранието на Република Македонија, комисии за земјоделство и финансирање и буџет. Што се однесува до неговите дополнителни професионални активности, кандидатот во 2006 година е официјален претставник на Република Македонија на 20-тото Генерално собрание на Меѓународниот фонд за развој на земјоделството (ИФАД) при Обединетите нации, Рим (Италија). Во 2002 работи како консултант TARTIA AG, Скопје (Р. Македонија), додека во 2001 година ја извршува функцијата маркетинг менаџер на Меѓународна манифестација „Којнички средби”, Велес (Р. Македонија). Исто така, кандидатот има приложено список за неговото учество во бројни обуки и конференции но нема доставено дополнителна документација со која би се потврдила нивната релевантност. Во контекст на неговото искуство во високообразовниот процес, кандидатот нема доставено документација со која би го потврдил неговото искуство од аспект на спроведување на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Горан Ковачев има доставено список на поважни научноистражувачки трудови, но нема доставено по еден примерок од трудовите во оригинал - наведени во Конкурсот. Од овие причини, Комисијата не може да даде дополнителна евалуација за трудовите објавени на Економски факултет - Скопје.

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Габриела Атанасова** е родена на 9 ноември 1976 година во Штип, Република Македонија. Средно образование завршува во Гимназија „Славчо Стојменски” во 1994 година. Кандидатката се стекнува со право на стручен назив **дипломиран економист** во 2001 година. По завршувањето на студиите се запишува на постдипломски студии на Економски факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, насока Надворешен промет. Кандидатката во 2007 година се стекнува со академски степен **магистер на економски науки**. Во однос на нејзиното работно искуство, работи во шпедитерска фирма ТД „Мико“ ДОО - Штип, во траење од една година, и девет години во МК „Виничанка“ - Виница, како технички раководител.

Во контекст на работењето и искуството во високообразовниот процес, кандидатката нема доставено документација со која би се потврдило нејзиното искуство во спроведувањето на наставно-научни активности во областа на меѓународната економија.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

М-р Габриела Атанасов нема доставено список на објавени научни и стручни трудови (по еден примерок од трудовите во оригинал -наведени во Конкурсот).

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Од приложената документација на пријавените кандидати, кандидатката **м-р Емилија Митева** комплетно ги има доставено бараните документи, според Конкурсот, додека другиот пријавен кандидат нема доставено комплетната документација поврзана со Конкурсот.

Оттука, согледувајќи ги научната активност и работното искуство на кандидатката м-р Емилија Митева, Комисијата оцени дека таа како кандидат има постигнато забележливи резултати во научноистражувачката работа, како и искуство во спроведувањето на наставно-научната дејност во областа на меѓународната економија. Сето ова дава можност за успешно изведување на наставниот процес во делот на реализација на вежби по наведената група предмети од соодветната област.

Имајќи ја предвид целокупната научна, стручна и наставна активност на кандидатката, Комисијата оценува дека м-р Емилија Митева ги исполнува предвидените законски и други услови и има чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да му предложи **м-р Емилија Митева да ја избере во звањето асистент за научната област *меѓународна економија* на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“**.

**Рецензентска комисија**
**Доц. д-р Круме Николоски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Ристо Фотов, член, с.р.**
**Проф. д-р Милан Илиевски, член, с.р.**

**Табела**
**за вреднување на активностите на м-р Емилија Митева,**
**според критериумите дадени во Правилникот за избор во**
**наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на**
**Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна (НО)** | | | |
| Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) | 126 | број на часови по 0,2 поени за секоја учебна година | 25.2 |
| **Научноистражувачка (НИ)** | | | |
| Магистерски труд | 1 | 4 | 4 |
| Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) | 4 | 1.3 | 4*1.3=5.2 |
| Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2 | во странство 2 | 4 |
| Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 0<br>2 | домашни 1/1,5<br>странски 1,5/2 | 0<br>4 |
| Студиски престој во странство | / | 0 | 0 |
| **Стручно- апликативна (САОР)** | | | |
| Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2 | 4 |
| **ВКУПНО ПОЕНИ (НО+НИ+САОР)** | **46,4** | | |